Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Македонија” 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 161/2019) министерот за образование донесе скаратена наставна програма по наставниот предмет ЕТИКА за VII (седмо) одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *етика* за VII одделение се базира на целите предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.
Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува (предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 1 час неделно, односно вкупно 32 часа.
Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите **утврдени во редовната наставна програма**.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

### I ТЕМА: ЕТИКА И МОРАЛОТ (10 часа)

**Наставни единици:**

- Што е етика
- Морал
- Значењето на моралот
- Св. Климент Охридски

## II ТЕМА: УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ (12 часа)

**Наставни единици:**

- Етиката во целиот свет
- Чесност
- Вистина
- Праведност
- Универзална етика
- Етика на здравјето екологијата и информатиката

## III ТЕМА: ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ (10 часа)

**Наставни единици:**

- Добро однесување
- Однесување во семејството
- Однесување во училиште
- Однесување меѓу другарите
- Добро однесување во јавноста
- Добро однесување кон другите луѓе

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет ***етика*** е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активностии методи). Потребно е интегрирано планирање односно целно и

содржинско поврзување како и планирање на наставата со поврзување на учењето со искуството на учениците. За реализација на наставниот предмет ***етика,*** задолжително треба да се применуваат интерактивни форми и методи (техники на учење и активност). Од интерактивните методи ќе се употребуваат: работа во групи, дискусии, дебати, бура на идеи, но и традиционални методи: куси предавања, насочен разговор. Препораките за користење на скратениот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели и теми/содржини што не треба да го ограничува нивното прераспоредување според потребите при реализацијата.

Проверувањето на знаењата на учениците треба да се врши во сите фази на наставниот процес, при реализација на нова содржина, повторување, проверување, систематизирање, вежбање и истражување

При следењето и оценувањето се применуваат различни постапки (усно и писмено проверување, тестови на знаења, активности на ученикот во текот на часот).

- Наставни средства:
- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- етички речник, етички текстови, списанија, посебни публикации и сл.
- Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери;
- аудио-визуелни средства и други средства соодветни на предметот.

**4.Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наствна програма по наставниот предмет Етика за VII одделение во основното образование ја утврди

Бр.12-8424/56 Министер за образование и наука

16.9.2020 Мила Царовска